ставуваат своевиден калеидоскоп на македонските револуционерни пулсации. Записките „го опфаќаат периодот пред, во време и по Илинденското востание, и според оригиналноста на искажувањето и богатството на содржината претставуваат своевиден придонес за историјата на нашето националноослободително движење и на нашата мемоаристика"(9).

За разлика од Љ. Милетич и сличните нему, кои поаѓајќи од големобугарската кауза, ги фризираа, според сопствениот вкус, мемоарите на познатите македонски револуционери, — редакцијата на Полјански е ненаметлива, непристрасна и вонредно корисна. Редакторот ги предава спомените на Ташко Арсов во оригинална форма, проследувајќи ги со исцрпни критички коментари (548). Покрај Записките (1—296), редакторот презентира во додатокот уште 4 прилози од Т. Арсов. Потоа е предадена хронологија, скратеници и објасненија на термини и зборови, како и библиографија. Во мошне исцрпниот поговор, редакторот се осврнува на учеството на Ташко Арсов во македонското националноослободително движење и неговите „Записки". На крајот е презентиран индекс. Покрај тоа, потребно е да се истакне дека книгата е облагородена со дваесеттина илустрации.

Во мемоарите на Ташко Арсов е проследена неговата животна сторија од најраните дни па сè до 1906 година. Притоа посебно доаѓа до израз неговата револуционерна дејност во Битолскиот округ на МРО. Посебно искрено е искажано илинденското бранување.

Како секретар и војвода на чета Ташко Арсов имал можност поодблиску да се запознае со низа познати револуционери. Оттаму пред нас дефилира цела галерија ликови на војводи и раководители на МРО, како: Никола Петров Русински, Дејан Димитров, Смиле Војданов, Алексо Стефанов, како и Даме Груев, Христо Узунов, Ѓорѓи Сугарев и др.

Редакторот Христо Андонов Полјански во поговорот ја проследува револуционерната дејност на Ташко Арсов до 1912 година, т.е. го расветлува и периодот незафатен во спомените на Т. Арсов.

Записките на Ташко Арсов под редакцијата на Полјански, и покрај евидентната мемоарска компонента, поради својата оригиналност и непосредност претставуваат драгоцен изворен материјал за нашето неодамнешно минато.

Д. ДИМЕСКИ

**Д-р Симо МЛАДЕНОВСКИ, Македонските народни песни за НОБ и Револуцијата, НИК „Наша Книга", Скопје 1983, 485.**

Во почетокот на 1983 година, книгоиздателството „Наша книга" од Скопје го објави монографскиот труд на д-р Симо Младеновски, научен соработник во Институтот за национална историја во Скоп-

је, под наслов „Македонските народни песни за НОБ и Револуцијата", проблематика мошне значајна за нашето книжевно и историско минато. Авторот на овој обемен труд се зафатил со една благородна задача да ги обработи македонските народни песни за НОБ и револуцијата кои настанале во тоа време и по НОБ и Револуцијата, процес што сè уште трае. Тоа се песни од народноослободителната борба на македонскиот народ, песни за неговата борба за слобода, песни за неговата преродба и прогрес, кои имаат свое идејно-естетско единство.

Трнливиот пат по кој македонскиот народ помина во националната и културната еманципација, подеднакво суштествува во нашата свест уште од мугрите на слободата па сè до денеска, во еден континуиран тек на нашето самоуправно социјалистичко општество. НОБ и Револуцијата се период кога македонскиот народ, заедно со другите југословенски народи и народности, се крена на оружено востание за ослободување на земјата од окупаторите, за отфрлање на фашистичкиот јарем, за социјално и економско ослободување, за признавање на македонската национална посебност и за изградба на самостојна македонска држава во рамките на нова Југославија, заедница на братски и рамноправни народи и народности.

НОБ и Револуцијата претставуваа и сè уште претставуваат непресушен извор и инспирација за сите видови духовно творештво. Во тие историски мигови и поетскиот фолклорен процес добива нови пулсирања, бидејќи оваа тематика влијае поттикнувачки и во свеста на луѓето всадува едно длабоко патриотско и слободољубиво чувство. Оттука и народните творци не можеа да останат рамнодушни спрема овој висок морален чин. Народноослободителната војна широко навлезе во народното поетско чувство и ги оживеа народните творечки сили. Народните творци со посебна инспирација ги изразија тие свои чувства, одушевувања, маки и радости, со низа поетски вокации. Или како ќе нагласи авторот, „овие македонски народни песни за НОБ и Револуцијата одекнаа и како колективна народна волја со непосредно и трајно дејство, со животворни збогатени и уметнички облици на поетското изразување".

Настанувајќи во тоа време и во тие судбоносни историски услови, македонските народни песни за НОБ и Револуцијата го одразуваат односот на народот ко тоа време, одделните настани и дејци во тие судбоносни денови на нашиот непокор и нескриениот копнеж за највозвишениот идеал во човековото живеење — слободата. Во обликувањето на определената историска стварност овие песни го содржат поетското видување на НОБ и Револуцијата во Македонија, со сите егзистенцијални желби, заложби, стремежи и копнежи на обичниот човек.

Поетското кажување на широките народни маси е ненадминливо. Тоа е непресушен вруток од каде што се слеваат сите животоци на едно време и на една славна борба. Тоа е оној човек што се бори за подобар живот и

во тој негов од по безбројните маки и трнливи патеки, во миговите на мали радости или во миговите на голема тага пее за својата судбина. Тоа всушност претставува ненадеен изблик на чувства полни со животни сокови.

Д-р Симо Младеновски се зафатил со една одговорна задача: да даде што поцелосен пресек на народното пеење во НОБ и Револуцијата, како и за нив, поставувајќи ја комплексноста на проблемот, за што посестрано со универзален пристап да ги претстави законо-мерностите на раѓањето и спецификите на овие песни. Впрочем, негова цел во прв ред била да ги возвиши благородните напори на поробениот и со векови напатен народ за оживотворување на целите на Народноослободителната борба и Социјалистичката револуција.

Запишувањето и објавувањето на македонски народни песни со тематика од НОБ и Револуцијата датира уште од првите години на Народноослободителната борба, во повеќе партиски, воени и други гласила. Меѓу нив, како прва објавена македонска народна песна е песната „Работници", објавена во тогаш ослободеното Ужице на 7. XI 1941 година, а како втора е песната „А бре Македонче", првпат објавена во илегалниот весник „Народен глас" во Прилеп 1942 година.

Кочо Рацин е првиот објавувач на овие песни во збирка. Во јуни 1943 година на Лопушник (и Битуше), во партизанската печатница „Гоце Делчев", тој ја објави збирката „Македонски народноослободителни песни, I", а во јули-август, истата година, по неговата смрт а со дополнителна редакција на писателот Владо Малески, објавена е и втората негова збирка „Македонски народноослободителни песни, II", во истата печатница во Битуше. Во текот на 1944 година се објавени уште десетина збирки македонски народноослободителни песни. Тоа всушност се главно џепни изданија печатени или шапилографирани.

По ослободувањето, овие песни ќе го свртат вниманието на повеќе собирачи, а во 1947 година Блаже Конески објавува и посебна збирка од овие песни под наслов „Од борбата". Во 1959 година се појави и збирката на Паскал Паскалевски „Народни песни од Егејска Македонија". Понатаму, песни од овој жанр објавуваат и Трајан Никодиновски, Филип Каваев, Душан Константинов, Јован Бошковски, Блаже Ристовски, Кирил Пенушлиски, Лазо Каровски и др.

Од композициска гледна точка Симо Младеновски применил една мошне корисна и едноставна варијанта, каде што покрај кусиот предговор, трудот го поделил на 14 глави и голем број подглави, што подетално ги опишуваат и отсликуваат неговите поставки за проблематиката што ја обработува во својата студија. Вака конципиран материјалот дава една прегледност на прашањата што ги обработува и што претставуваат една кохезиска целина.

Во првата глава со наслов „Особеностите на НОБ и Револуцијата во Македонија", С. Младеновски, како добар познавач на историските прилики во Македонија, дава кус пресек на националните и политичките аспекти на македонското националноослободително движење до 1941 година, фа-

шистичката окупација и поделбата на Македонија, КПЈ — верниот сојузник и водач на македонскиот народ во НОБ и Револуцијата за остварувањето на националното, социјалното и политичкото ослободување, периодизацијата и развојот на НОБ и Револуцијата во Македонија, за да заврши со резултатите на НОБ и Револуцијата во Македонија.

Во втората глава „НОБ и Револуцијата како инспирација за народни поетски вдахновенија", авторот нагласува дека НОБ и Револуцијата како тема и инспирација за богати творечки евокации станала и останала извор за инспирации на низа македонски поетски генерации. Соочени со НОБ и Револуцијата како борци, сведоци, или нивно историско минато, оваа тематика едноставно неодминливо им се наметнува на поетите со своите трајни сугестивни дејствија.

Откако во посебна глава авторот се задржува на првите публикувани песни и збирки, тој во натамошниот текст се задржува на „Врапчето" во Македонија како специфичен хумористично-сатиричен весник на НОБ и Револуцијата, кои биле мошне популарни меѓу борците и широките народни маси. Всушност, тие се подолги естрадни песни од специфичен и оригинален жанр на поетско-музичкиот израз во македонската борбена поезија од времето на НОБ Револуцијата, со доминантен и длабоко осмислен хумористично-сатиричен карактер на борбените поетски мисли. Јунак на песните е љубопитното врапче кое лета насекаде по светот и ги присобира актуелните новости за најновите настани во развојот на борбата против фашизмот и им ги соопштува на борците и на народот. За разлика од „врапчињата" од периодот меѓу двете светски војни, партизанските „врапчиња" се одликуваат со нова револуционерна насоченост и содржина.

Со борбениот полет и омасовувањето на НОБ и Револуцијата настанале и масовните песни за НОБ и Револуцијата (маршеви, химни и сл.). Во главата „Македонските народни песни за НОБ и Револуцијата како поетска историја на НОБ и Револуцијата", авторот го прикажува односот на историската стварност и поетското спознание, историските настани и историските личности, поетската хроника на НОБ и Револуцијата и документарно-историската вредност и значење.

Процесот на создавањето на македонските народни песни за НОБ и Револуцијата го обработува со основното определување на проблемот, а во посебна подглава ги обработува македонските народни песни за НОБ и Револуцијата и македонската народна поетска традиција, потоа музичко-поетската фолклорна размена на разни национални средини и македонските народни песни за НОБ и Револуцијата и на крајот авторот се задржува на прифаќањето на новосоздадените песни за НОБ и Револуцијата и нивната популарност.

Обработувајќи ја поетиката на македонските народни песни за НОБ и Револуцијата, С. Младеновски одделно се задржува на пристапот кон поетиката на овие песни, поетиката на македонската народна борбена поезија и местото на македонските народни песни за НОБ и Револуцијата во целокупноста на усната народна кни-

жевност, тематскиот распон, ликовите, земајќи го Тито како централна личност, изборот на книжевниот облик, композициско-стилските карактеристики, јазично-изразните карактеристики, идејната насоченост и значење, поетската порака, завршните и заклучните поенти и естетската валоризација.

Говорејќи за општествено-политичките аспекти на македонските народни песни за НОБ и Револуцијата, покрај другото, авторот подвлекува: „Во деновите на НОБ и Револуцијата овие песни беа непосреден жив одраз на народните општествено-политички чувства, сфаќања, стремежи и цели, а истовремено, со своето уверливо дејство и ангажирање нив ги поддржува, извршувајќи ја својата идејно-воспитна, идеолошко-пропагандна, односно политичко-агитациона, мобилизаторска, општествено-културна и забавна функција, која сè уште трае".

Според авторот, хронологијата на појавувањето и прегледот на македонските народни песни за НОБ и Револуцијата секогаш би биле корисни за истражувањето на генезата и развитокот на овие песни. Но со оглед на тоа што никогаш не може да се располага со записите на сите пеани песни и нужните податоци за нивното појавување, творците, интерпретаторите и слично, таквиот хронолошки преглед никогаш не може да биде сеопфатен и уште помалку точен. Така, и овој хронолошки преглед дава само приближна слика, со чија помош може да се добие извесна претстава за создавањето и пеењето на овие песни од првата година на НОБ и Револуцијата, па сè до денешни дни.

Во синтетичко-критичкиот заклучок е нагласено дека овие песни имаат своја незаменлива документарно-историска вредност и значење. Својата свежина и дух тие ја зачувале и до денешни дни, оживувајќи ја атмосферата и амбиентот на времето за кое станува збор. Тие претставуваат едно сведоштво за антифашистичкиот, општонародниот и националноослободителниот и класниот карактер на НОБ и Револуцијата на македонскиот народ во братската заедница со другите југословенски народи и народности.

Испеани во миговите на најискрените инспирации, од најдлабоките и најскриените катчиња на народната душа, денеска тие привлекуваат со својата уметничка автентичност и сугестивност, со својот сензибилитет, со јачината и третманот на патриотскиот и прогресивниот мотив. Според тоа, тие секогаш ќе претставуваат обилен вруток на родољубивост и патриотизам за негување на револуционерните и слободарските традиции на македонскиот народ.

Поместените резимеа на македонски, српскохрватски, германски, француски и англиски јазик каде што во најкуси црти се резимирани резултатите во оваа студија, му овозможуваат на овој мошне значаен труд пошироко ползување.

Потоа следуваат користените извори и литература каде што авторот ги наведува сите извори што му помогнале во компонирањето на оваа содржајна книга. Најпрвин се дадени необјавените архивски извори, необјавените сеќавања, објавените извори и литература, ползуваните весници и

списанија и на крајот се дадени појаснувања за кртаениките.

На крајот од книгата се регистрите: регистарот на песните, предметниот регистар, регистарот на личните имиња и регистарот на географско-топографските имиња.

Народните песни отсекогаш се придружник на времето. Народните чувства и настојувања се стремат да бидат обелоденети и опредметени во исказ или поетско сведоштво. Македонските народни песни за НОБ и Револуцијата се создаваат и се развиваат напоредно со разгорувањето на народната револуционерна свест и нејзините цели на борбата.

Во заклучокот на оваа книга авторот истакнува дека македонските народни песни за НОБ и Револуцијата имаат свој специфичен систем на поетика. По содржинско -стилските носивости и одлики, тие се лирски, лирско-епски или епско-лирски и епски песни. Како целина, тие имаат цврсто композициско-стилско единство, национален колорит на поетскиот јазик, а се истакнува рустикалниот јазичен критериум, посебно традиционалното обликување на темите и мотивите, изразните средства и слично. Идејната насоченост и поетските пораки на овие песни, со завршни и заклучни поенти, најблиску се поврзани со идејните основи, цели, борбениот и револуционерниот дух и карактер на НОБ и Револуцијата.

Материјалите со кои се служел авторот при изготвувањето на оваа монографија, главно ,се архивски необјавени извори необјавени сеќавања, објавени извори и литература, како и негови лични поставки до кои дошол во своите долгогодишни истражувања во оваа област. Неговото одлично познавање на историските прилики, македонската културна историја и историјата на литературата, фолклорот и литературата каде досега постигнал забележливи резултати, критичкиот однос, како и апликацијата на новите факти, ни овозможуваат да заклучиме дека спомнатата студија на д-р Симо Младеновски претставува оригинален научен труд кој прет ставува мошне значаен прилог за современата македонска научна мисла. Богатиот и содржаен стил во опишувањето на проблематиката за која станува збор, со оригиналните и самостојни заклучоци претставува мошне значаен труд кој ќе го сврти вниманието на научната јавност и на пошироката читателска публика.

Благој СТОИЧОВСКИ

## И. Я. ЛЕРНЕР, Развитие мышления учащихся в процессе обучения истории (Развитокот на мислењето во процесот на наставата по историја), Москва 19882, 190.

Ова е најновата монографија на познатиот советски дидактичар и методичар Лернер, чија најнова студија од дидактиката ја прикажавме во овој број на списанието.[1]) Оваа студија е примена на Лернеровата класификација на наставните методи на една од

[1]) Види го нашиот приказ за книгата на И. Я. Лернер, Дидактические основи методов обучения, Москва, 1981.